# СОВЕТУВАЊЕ:

# „Алтернативни мерки со посебен акцент на мерките на засилен надзор и нивно извршување со примената на Законот за пробација“

**Емилија Василевска,**
**Управа за извршување на санкциите**

22 јуни 2023 година

Академија за судии и јавни обвинители

„Павел Шатев“ Скопје

## ЗАКОН ЗА ПРОБАЦИЈА
## (Службен весник на Р.Македонија бр.226/2015)
## <u>започна да се применува од 1 ноември 2016 година.</u>

Со Законот за пробација се уредуваат пробациските работи и постапката за извршување на:

- ✓ алтернативните мерки (условна осуда со заштитен надзор,општокорисна работа и куќен затвор);
- ✓ обврски изречени во кривична постапка согласно закон;
- ✓ извршувањето на условниот отпуст изречен по одлука на суд;
- ✓ целта, положбата на лицата во постапката и
- ✓ надзор над извршувањето;

# СТРУКТУРА на Законот за пробација

- содржи 40 члена распоредени во **четири посебни глави** и тоа:
- **Глава I. Основни одредби;**
- **Глава II. Надлежности на Управата во вршење на пробациски работи;**
- **Глава III. Положба на лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи и**
- **Глава IV. Извршување на пробациски работи**

# Поим на Пробациски работи

- Пробациски работи се **<u>активности кои ги преземаат пробациските службеници при спроведување на надзорот над извршувањето на алтернативните мерки и обврски, како и условниот отпуст</u>**, над лицата на кои истите им се изречени од судот.
- Пробациските работи **<u>ги извршуваат пробациски службеници од Управата за извршување на санкциите</u> врз основа на барање или одлука на суд во тек на судската постапка и врз основа на правосилна и извршна судска одлука, а <u>врз основа на претходна согласност на лицето спрема кое се извршуваат пробациските работи.</u>**

# Комплетирана е легислативната рамка за извршување на пробациските работи

Подзаконски акти кои произлегуваат согласно Законот за пробација во мај 2018 година се донесени и се објавени во "Службен весник на Република Македонија бр.89/2018":

- Подзаконски акти донесени согласно Законот за пробација:

-Упатство за стручно - инструкторски инспекциски надзор над месно надлежните пробациски канцеларии (Службен весник на Република Македонија бр.89/2018)
-Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот а лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи (Службен весник на Република Македонија бр.89/2018);
-Правилник за начинот на извршување на општокорисна работа (Службен весник на Република Македонија бр.89/2018) и
-Правилник за начинот на извршување на електронски надзор (Службен весник на Република Македонија бр.89/2018)

# Воспоставени се 11 (единаесет) пробациски канцеларии

- Пробациската канцеларија за подрачјето на Основниот суд Скопје 1 Скопје е воспоставена во просторија во овој суд и функционира од ноември 2017 година.
- Од ноември 2018 воспоставени се  пробациските канцеларии во Основните судови во Тетово, Прилеп, Велес, Струмица и Штип, Куманово, Битола, Кочани и Охрид.
- Од февруари 2021 година воспоставени и фунскионални се пробациските канцеларии за подрачјето на Основните судови во Кавадарци и Гевгелија

# Обезбеден е пробациски персонал

- Во Секторот за пробација во Управата за извршување на санкциите вклучително на сите локални провациски канцеларии кои се во функција вработени се **вкупно 33 пробациски службеници**

# ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И НАДЛЕЖНОСТИ НА ПРОБАЦИСКА СЛУЖБА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ПРОБАЦИЈА

# **<u>ОРГАНИЗАЦИЈА</u> на пробациска служба согласно Законот за пробација**

- **<u>Сектор за пробација</u>** претставува организациона единица во рамки на Управата за извршување на санкциите, надлежна за:

✓ две одделенија на **<u>централно ниво:</u>**

- Одделение за надзор над извршување на пробациските работи;
- Одделение за електронски надзор;

✓ 15 канцеларии на подрачјето на основни судови со проширена надлежност на **<u>локално ниво (11 се веќе функционални)</u>**;

# Сектор за пробација- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОБАЦИСКИТЕ РАБОТИ;

- Врши стручна и административно-техничка помош на секторот при креирањето на политиките и стратегиите за развој на пробациската служба;
- Развива соработка и координација со органите на државнта власт, научни и други установи, органи на локална самоуправа и други институции или правни лица во делот над извршувањето на пробациските работи;
- **Спроведува надзор над работењето на месно надлежните пробациски канцеларии,**
- Води **единствен регистар** за лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи.

# Сектор за пробација- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ НАДЗОР

- Врши надзор со употреба на електронски алатки согласно закон;
- Управува со опремата со која се следи движењето на осудениот и неговата местоположба во просторот;
- Води грижа и обезбедува ефикасна примена и користење на опремата за електронско следење;
- Се развиваат политики и стратегии во соработка со секторот за употреба на електронскиот надзор;
- Води грижа за исправноста на опремата и системите, нивна замена и одржување и

# Секторот за пробација- ЛОКАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОСНОВНИ СУДОВИ СО ПРОШИРЕНА НАДЛЕЖНОСТ

Надлежности:

- проценка на ризик на обвинети лица преку употреба на механизам за процена на ризик,
- изработка на извешатаи за извршена процена на ризик на обвинети лица  во текот на судска постапка во согласност со закон,
- изработка на индивидуална програма за третман за секое лице спрема кое се извршуваат пробациски работи,
- вршење на заштитен надзор изречен со условна осуда или со условен отпуст;
- организирање и надзор над извршувањето на општокорисна работа;
- изработка на писмени извештаи за однесувањето на осуденото лице во текот на издржувањето казната за казнено-поправните установи;
- соработува  со органите на државнта власт и органите на локална самоуправа и други институции или правни лица на локално ниво во делот на извршувањето на пробациските работи.

# Извршување на пробациски работи согласно законот за пробација со посебен акцент на мерките на засилен надзор и нивно извршување со примената на Законот за пробација

# Извршување на пробациски работи

- Извршување на посебни обврски определени во текот на судската постапка;
- Извршување на алтернативни мерки определени врз основа на судска одлука;
- Извршување на условен отпуст;
- Вршење надзор со употреба на електронски алатки согласно закон;

# Извршување на алтернативни мерки определени врз основа на судска одлука

- Заштитен надзор изречен со условна осуда;
- Општокорисна работа;
- Куќен затвор;

# Пробациски работи при извршување на Заштитен надзор изречен со условна осуда;

Месно надлежната пробациска канцеларија ги врши следните пробациски работи:

- го повикува условно осуденото лице на разговори во текот на времето за проверување и определува термини во кои во текот на времето на проверување условно осуденото лице е должно да се пријавува во месно надлежната пробациска канцеларија;
- врши контрола над извршувањето на условната осуда со заштитен надзор и му пружа помош на условно осуденото лице;
- составува извештаи за извршувањето на условната осуда со заштитен надзор и истите ги доставува до судот кој ја донел одлуката во прв степен и тоа на секои четири месеци ако заштитниот надзор е определен до една година и на секои шест месеци ако заштитниот надзор е определен над една година итн.

- може на судот да му предложи изречените обврски да ги замени со други или да го продолжи траењето на заштитниот надзор во рамките на времето на проверување.

# Општокорисна работа/ избор на правен субјект

- се извршува во: државни органи, јавни претпријатија, установи, единици на локална самоуправа, хуманитарни организации и во други субјекти кои вршат дејност во која може да се оствари целта на извршувањето на општокорисната работа.
- **Изборот на правниот субјект го врши пробацискиот службеник од месно надлежната пробациска канцеларија по претходно добиени податоци за способностите, стручните квалификации и здравствената состојба на осуденото лице.**

# Пробациски работи при извршување на Општокорисна работа

Месно надлежната пробациска канцеларија ги врши следните пробациски работи:

- го повикува осуденото лице на разговор и го упатува осуденото лице на извршување на мерката;
- врши надзор над извршувањето на општокорисна работа и му пружа помош на осуденото лице;
- составува извештаи за извршувањето на општокорината работа и ги доставува до судот  кој ја донел одлуката во прв степен итн.

# Склучување на Договор за Општокорисна работа

- Месно надлежната пробациска канцеларија по претходно добиена согласност од Управата склучува договор за општокорисна работа со правниот субјект за извршување на општокорисна работа/Осуденото лице со своерачен потпис на договорот дава согласност за извршување на општокорисна работа.
- Договорот содржи:  време во кое ќе се врши општокорисната работа, работните задачи кои осуденото лице ќе ги врши, правата и обврските на правниот субјект и осуденото лице...
- Примерок од склучениот  договор се доставува до судот што ја изрекол мерката, Управата, правниот субјект и осуденото лице.

# Надзор над условно отпуштено лице

Надзор над извршувањето на обврските утврдени со решението за условен отпуст, врши месно надлежната пробациска канцеларија.

Судот во решението за условен отпуст ќе определи дали над условно отпуштеното лице ќе се применат мерки за примена на електронски надзор.

# Надзор над условно отпуштено лице

- Месно надлежната пробациска канцеларија по приемот на Решението за условен отпуст, ги известува Центарот за социјална работа, Агенцијата за вработување, работодавачот кај кој осуденото лице работи, односно било вработено и соодветна здравствена установа, Министерството за внатрешни работи и други правни субјекти во зависност од обврските утврдени во решението за условен отпуст.

При извршувањето на обврските утврдени со решението за условен отпуст, месно надлежната пробациска канцеларија ги врши следните работи:

- Го повикува осуденото лице на разговор,
- Врши увид во документацијата за осудено лице (судска одлука, наоди и мислења од лекар и други стручни лица, извештаи од Центарот за социјална работа и други) и прибира други потребни податоци за осуденото лице од други органи, институции и организации;
- Го предупредува условно отпуштеното лице за последиците од неисполнување на утврдените обврски;
- Врши надзор над извршувањето на обврските и му пружа помош на осуденото лице,
- Составува извештаи за извршувањето на обврските и ги доставува до судот кој ја донел одлуката во прв степен и
- Врши други работи во согласност со закон.

# Соработка со установите во кои осуденото лице извршува обврски

- Установите и други правни лица во кои осуденото лице извршува обврски утврдени со решението за условен отпуст, на барање на месно надлежната пробациска канцеларија до канцеларијата доставуваат известување за извршувањето на обврските од страна на осуденото лице.

- Месно надлежната пробациска канцеларија може на судот кој ја донел одлуката за условен отпуст да му предложат измени на обврските утврдени со решението за условен отпуст, укинување на обврските, продолжување или намалување на рокот за извршување на изречените обврски или да предложат нови обврски кои со решението за условен отпуст не биле утврдени.

Доколку осудениот не ги исполнува или неуредно ги исполнува обврските кои му се определени:

- Месно надлежната пробациска канцеларија го опоменува и затоа веднаш ќе го извести надлежниот суд.

- Ако условно осуденото лице и по писмената опомена не ги исполнува изречените обврски и не учествува во спроведувањето на индивидуалната програма која му е определена, месно надлежната пробациска канцеларија за тоа најдоцна во рок од три дена од дознавањето за неисполнувањето на обврските и не учествувањето во спроведувањето на индивидуалната програма за тртман го известува судот кој ја донел одлуката во прв степен со предлог да го отповика условниот отпуст.

# Соработка на пробациската служба со МВР

- Во случај кога условно отпуштеното лице нема да се јави во определените термини, месно надлежната пробациска канцеларија без одлагање ќе го извести Министерството за внатрешни рабоии заради обезбедување на присуство на условно отпуштеното лице.

- Во случај Министерството за внатрешни работи да не може да го пронајде услоbно отпуштеното лице, е должно да ја извести месно надлежната пробациска канцеларија, која 6ез одлагање ги известува судот кој ја донел одлуката во прв степен и Управата.

# Соработка на пробациската служба со други органи и институции

- Во извршуbање на про6ациските ра6otи органи- te на државната bласт, научни и други устаноbи, орга- ни на локалната самоупраbа и други институции или праbни лица се должни да сора6otуbaat и да ги дabaat potре6ните информации за лицата спрема кои се из- bршуbaat про6ациските ра6otи на Yпраbata, 6ез надо- местоk.

- Yпраbata за извршуbање на санкциите може да склучи догоbор со здруженија на граѓани и други праb- ни лица кои се регистрирани за bршење на хуманиtар- ни и други слични дејностi за сора6otка bo извршуbа- њеto на про6ациските ра6otи.

# Спроведување на надзорот над условно отпуштено лице

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРАКТИЧЕН ПРИМЕР

- Индивидуална програма за надзор и третман над условно отпуштено лице;
- Спроведување на надзорот
- Соработка со другите институции вклучени во спроведувањето на третманот на осуденото лице (ЦСР, здравствени, образовни установи и слично, НВО)
- Подготовка на Извештај за спроведениот надзор и доставување до судот

# Број на пробациски предмети за 2021 година

| Локална пробациска канцеларија | Проценка на ризик на обвинет во текот на судска постапка | Алтернативни мерки | | Условен отпуст на осудени лица од издржување на казна затвор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Условна осуда со заштитен надзор | Општокорисна работа | | |
| Скопје | 52 | 47 | 87 | 68 | 254 |
| Битола | 0 | 0 | 7 | 19 | 26 |
| Тетово | 0 | 3 | 0 | 41 | 44 |
| Штип | 0 | 0 | 0 | 14 | 14 |
| Велес | 0 | 0 | 0 | 16 | 16 |
| Куманово | 0 | 1 | 3 | 13 | 17 |
| Прилеп | 0 | 0 | 6 | 11 | 17 |
| Охрид | 0 | 1 | 0 | 18 | 19 |
| Струмица | 0 | 1 | 0 | 24 | 25 |
| Гевгелија | 0 | 0 | 0 | 8 | 8 |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 11 | 11 |
| Вкупно | 52 | 53 | 103 | 243 | 451 |

# Број на пробациски предмети за 2022 година

| Локална пробациска канцеларија | Проценка на ризик на обвинет во текот на судска постапка | Алтернативни мерки | | Условен отпуст на осудени лица од издржување на казна затвор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Условна осуда со заштитен надзор | Општокорисна работа | | |
| Скопје | 58 | 83 | 113 | 52 | 306 |
| Битола | 0 | 0 | 0 | 17 | 17 |
| Тетово | 1 | 7 | 0 | 39 | 47 |
| Штип | 0 | 0 | 1 | 11 | 12 |
| Велес | 0 | 4 | 6 | 6 | 16 |
| Куманово | 0 | 1 | 4 | 13 | 18 |
| Прилеп | 0 | 0 | 0 | 13 | 13 |
| Охрид | 0 | 1 | 0 | 10 | 11 |
| Струмица | 0 | 2 | 0 | 13 | 15 |
| Гевгелија | 0 | 0 | 1 | 6 | 7 |
| Кавадарци | 0 | 0 | 0 | 12 | 12 |
| Вкупно | 59 | 98 | 125 | 192 | 474 |

**Ви благодарам!**